

Став
Мојата мала теорија на заговор: девет импликации од бегството на Груевски

ГрафичкиДизајнСтрипУмет
Заедно сме фосилни!

ЕвропаЕкологија
Квалитетот на европските води далеку од задоволувачки

Општество
Контраспин: Има ли Груевски, после сè, било каква врска со македонската кауза?

КултураТеорија
Отворено третото издание на КРИК фестивал

ПсихологијаЖиво
Зошто не се убив

ОпштествоСтав
За учесниците во криминалот со културното наследство

ПсихологијаФилм
За простување се потребни сеќавање и храброст: резилиентноста во стаклениот дворец

Сите статии

Пара ВЕСТИ
- Амандман XXXVI на Уставот на Република Македонија
- Бубалица поништил шестка на лото
- Точењето гориво за 1000 денари поскапе на 1100 денари

Пара ФОТО



Поглед кон руската машкост

# Отворено третото издание на КРИК фестивал

Култура / Теорија
**Окно**

22.11.2018
15:22



На синоќешното отворање на третото издание на КРИК – фестивал за критичка култура во Музејот на современа уметност, Искра Гешоска рече дека во концирирањето на фестивалот сè уште е актуелна мислата на Ален Бадју дека заедницата која се заснова врз култура на критичко дејствување и соочување преку креативна конфронтација е култура на слобода којашто ги поместува хоризонтите на општеството.

„Токму оваа идеја е сè уште актуелна во нашето концирирање на фестивалот и тоа ни треба, таквото поместување на хоризонтите во општеството и менување во општеството, создавање на платформи коишто ќе бидат перманентно критични и ќе се борат против состојбите на вознемиреност и на вонредност. КРИК беше замислен како отворена платформа и се уште е, тој е на некој начин резиме, кое почнува ново поглавје на целокупната работа не само на Контрапункт, туку и сите други со кои заедно сме ги создавале нашите мислечки, општествени и политички наративи", рече Гешоска.



Елена Вељановска ја претстави програмата на годинашното издание, која е поделена во три дела. „Оваа година решивме да се занимаваме со актуелни, но поглобални теми, но кои исто така имаат влијание врз нашиот локален контекст. Оваа година не направивме изложба, имаме повеќе видеа и се занимаваме со уметноста на подискурзивен начин, но имаме музича

Око
Муралите на Мона Карон



СЕКОЈ ДЕН ПЕСНА
Вера Чејковска
**Месечинство**
како нежни мрежички
можности кога уште длабев во
сонот меките кожички му се
поткренуваа над розови
маглички врз свилените
перничиња
22.11.2018









## Е-библиотека



**ФАШИЗАМ ВО КУСИ ПАНТАЛОНИ**

Груевизмот е чист фашизам: една авторитарна, преродбеничка, клептократска, капиталистичка партиска држава, што за среќа остана во куси панталони.

Преземи

## Анкета

**Дали името Северна Македонија ќе донесе подобар живот во државата?:**

- Да
- Не
- Не знам

Гласај

## Книга



**Некој бил тука**

Во средиштето на приказната е татко кој се соочува со загубата на својата ќерка. Дали може да помогне бегството во нечиј туѓ стан? Мирисањето женски долен веш? Триењето на образите од рапав ѕид? Трпијата во кожа?

## Најчитано 7 / 11

1. Има една пострашна работа од бегството на Груевски

содржина, за која се надеваме дека повеќе ќе ја развиваме во иднина", рече Вељановска.

За концептот на годинашното издание на фестивалот, Артан Садику рече дека насловот „АЛЕРТ! – пред портите на моќта очекувајте исклучување" е единствениот начин на кој може да се опише содржината.

„Јас би го опишал како процес кој сакал да зборува за она кое ние го искусуваме во секојдневието токму под нашата кожа, кое е многу политичко ама не зборува. Ние сакаме да кажеме збор-два за она што се случува под нашата кожа, во нашето секојдневие, кога сме на улица, дома, ког сме во јавен простор, кога се соочуваме со политички настани, сето тоа што тлее под нашата кожата сакавме во овој КРИК да го отвориме и да го продискутираме, рече Садику.



Тој го претстави и првиот гостин на фестивалот, Маурицио Лазарато, социолог, филозоф и професор на Универзитетот во Париз за кој рече дека е еден од водечките светски постмарксистички мислители кој ја революционаризираше денешната перспектива на трудот во капиталистичките општества.

Предавањето на Лазарато, насловено „Помеѓу политиките на задолжување и нео-фашистичкиот бран во светот" ги акцентираше новите авторитарни, фашистички, недемократски движења, нивниот подем и влијанието на неолибералните економски политики врз ваквата драстична промена во политичката мапа.

„Изборот на Жаир Болсонаро, за претседател на Бразил е голем пресврт во историјата на светот. Овие избори покажуват што ќе се случува со светот во иднина. Неолиберализмот е само маска, вистинското лице на светот денес е фашизот. Врската помеѓу неолиберализот и фашизмот не е нешто ново, бидејќи апсолутната моќ е една од аспирациите на неолиберализмот", истакна Лазарато.



Според него, економската криза, односно задолжувањето, бегалците и екологијата се трите клучни проблеми на светот денес кои водат кон будење на новиот фашизам кој се крие зад маската на популистичкиот неолиберализам.
„Последните избори во Бразил покажуваат блиска врска помеѓу војната, нејзините артикулации (фашизмот, расизмот, сексизмот) и













## Вести (time.mk)

- Контраспин: Има ли Груевски, после сè, било каква врска со македонската кауза?
- Падна министерот Садула Дураку ВИДЕО
- ИНТЕРВЈУ Ајтен Рамадани: Силувањата во војните се едни од најсериозните меѓународни злосторства!
- Земјотрес го стресе Скопје
- Мицковски: Не сум се чул со сопругата и мајката на Груевски. Ќе им се јавам уште утре
- За Мицкоски бегството на Груевски е скандалозно

2. Брза пруга за Груевски
3. Контрадикторни ставови на Заев за амнестијата за „крвавиот четврток“
4. Љубовни песни
5. За психолошкиот профил на Никола Груевски
6. Што значи да се живее и сожевее со „говорот на омраза“?
7. Може е во Матрикс!
8. Грујо-побегујо 007
9. На мајка ми
10. Кратки-кратки раскази, преглед 22-28 февруари
11. Пиратите откај рибите


неолиберализмот. Ова не е ништо ново, бидејќи подемот на неолиберализмот во Чиле започна помеѓу соработката на чилеанската војска и чилеанската група на економски либертаријанци, The Chicago Boys. Токму економската криза во Бразил беше предуслов за доаѓањето на Болсонаро на власт.“

Тој рече дека во Европа и во САД со Трамп се создава нов тип на фашизам кој нема брзо да заврши.
Одговарајќи на прашањата на публиката Лазарато истакна дека потребно е да преосмисли концептот на револуција во 21 – от век, бидејќи во фокусот на марксистичката мисла е само трудот и таа не го зема предвид феминистичкото движење како едно од највлијателните денес, а слично е и со расните политики, кои денес е изразуваат преку односто кон мигрантите и бегалците. „Потребна е револуционерна политика, а исто така и култура“, рече Лазарато.



Дел од отворањето на КРИК 03 беше и перформансот на Пост глобал трио во кино салата на МСУ и дј сетот на Тони Димитров.



За четврток (22 ноември) се планирани предавањето „За постанувањето поранешен“ и разговор со Петар Милат од Хрватска, поврзано со општото прашање за тоа дали и колку уметничкото творештво и естетското промислување можат да го надминат дисциплинскиот јаз - и во системот на уметноста и во општата рамка на општествениот живот – Милат во своето предавање ќе го акцентира постоењето на специфичната стратегија на трансверзалноста и на недисциплината: постанувањето поранешен.
Во разработката на оваа идеја, ќе бидат презентирани примери од современата теорија на естетиката, експерименталниот филм и книжевноста, со цел да се укаже дека естетскиот еманципаторски капацитет се наоѓа во специфичната привременост на уметноста.

Потоа ќе се одржи презентација на уметнички видеа Das nackte Überleben / Гол опстанок и разговор со Катрин Бекер од Германија. директорката на n.b.k. Видео-форумот и кураторка, Катрин Бекер, ќе претстави избор на видео-дела од изминатите две децении, кои во однос на содржината реферираат на поимот Состојба на исклучоци. Насловот на проекцијата Das nackte Überleben - или Гол опстанок - е инспириран од синтагмата „гол живот“ на Џорџо Агамбен; голиот живот од кој суверената моќ може да се ослободи и располага по укинувањето на разликата помеѓу „јавното“ и „приватното“. Во видео-проекцијата, Бекер ги претставува и коментира


radio.spodeli.org

Канал 103 Ноќна плеј-листа: четврток/петок ~ The Field - A Paw in My Face


## Боли глава

### Зошто злото и лагата полесно се лепат за нас отколку вистината и чесноста?

Всушност, сè што навистина вреди во земјава успеавме да го тргнеме на страна, да го премачкаме со отров и да му ја наполниме устата со земја. Хиерархиите се така создадени за на врвот да бидат оние што немаат никаков квалитет освен зло замаскирано во моќ. Треба само да си расипан до коска за да можеш да балансираш низ тие отровни пирамиди. Но и тоа се учи. Ние актерите тоа градиво добро го знаеме. Прашање е зошто би го правел тоа кога имаш дарба, знаење и љубов за прекрасни работи кои би можеле само да облагородуваат? И зошто злото, подмолното и лагата полесно се лепат за човечкото тело отколку вистината, искреноста и чесноста?!

Синоличка Трпкова, Фејсбук, 20.11.18.

## Виц

Трпе дава штоф на шнајдер, договара кројка – костумот да е „уз тело“, и оди редовно на

делата кои се однесуваат на поединецот во однос на состојбата на исклучоци - дали е тоа политичка, економска, еколошка или социјална, притоа осврнувајќи се на различните аспекти како: диктатурата (Марина Напрушкина), војната (Мозер и Швингер, Микола Ридниј) и окупацијата (Лариса Сансур) се исто толку важни прашања како што се и политичкото исклучување (Олег Кулик), еколошките катастрофи (Урсула Биман) или постоењето на кодексот на однесување (Френсис Алес, Мванги Хутер, Хирохару Мори), што ги регулираат општествените процеси на исклученост и вклученост.



Во петок (23 ноември) случувањата ќе започнат напладне со првиот дел на работилницата за критичко пишување во сферата на визуелните уметности „Јасно и гласно" на Маја Ќириќ од Србија. Од 19 до 20 часот е предвидено да се одржи предавањето, презентацијата и разговорот за картографските филмски наративи (Cine-Soma) со Ангела Мелитопулос од Грција. Со неа подоцна ќе дебатира Маурицио Лазарато, а вечерта звучно ќе ја обојат нејзините сонародници - CЁRPA со музички сет и „Millions of dead tourists" кои ќе одржат концерт на КРИК.

Првиот дел од годинешното издание на Меѓународниот фестивал за критичка култура ќе биде заокружен в сабота со вториот дел од работилницата за креативно пишување и со предавање и разговор на тема „Кризата на неолиберализмот, кризата на демократијата" од Алфредо Саад Фиљо од Велика Британија.



*КРИК – фестивал за критичка култура е отворе (Критика – Реакција – Идеја – Конфронтација) има цел да ги промовира уметничките и културните практики како општествено релевантни алатки кои ќе придонесат за еманципација и демократизација на социо-културниот контекст. КРИК застанува во одбрана на правото на критичка култура, која постојано ќе ги поместува границите на еманципаторските политики во социо-културниот простор.*
*КРИК е отворена платформа низ која се истражуваат и изучуваат можностите на проникнување помеѓу естетското и политичкото, помеѓу уметничките практики и нивното влијание врз пошироката демократизација на општеството. Во рамки на КРИК се промовираат теориските, социо-културните, економските и уметничките практики како важна алатка со која може да се менуваат општествените наративи.*

проби. Кројачот го чека со костумот в рака и со горда мајсторска насмевка, го облекува и застанува пред огледалото. Гледа Трпе: едната ногавица покуса! „Што е ова, мајсторе", прашува, а овој му објаснува: „Види сега, тоа ти е оти не стоиш рамно, туку поткрени ја и подвиткај ја малку ногата и сè ќе дојде во ред". Трпе прави како што му е кажано, и навистина: во новата позиција ногавиците изгледаат како што треба. Се потсвртува да погледне отпозади, кога таму се затега накосо брчка преку целиот грб!? „Каква е оваа брчка одзади, мајсторе, па уште и ме затега?" – „А, немај гајле за тоа: треба само да го подигнеш левото рамо малку… и да го потсвртиш вратот, ете така, и – гледаш? – ја нема веќе брчката", сугестивно го опслужува мајсторот.

И, така – на секоја фалинка на костумот, мајсторот виртуозно му го подместува телото на нашиот јунак, до завршната глетка во огледалото, каде што веќе нема што да му се забележи на кројачкото ремек-дело.

Плаќа Трпе за услугата и излегува директно во чаршија, како паун, да се пофали со своите нови перја. Проаѓа покрај првата кафеана, строго внимавајќи да ги испочитува сите позиции и движења на телото што мајсторот му ги кажа, со недоветно потскокнување и подвиткување на ногата, со подигнато рамо и потсвртен врат и со сите други згрчки. Го здогледуваат првите двајца што седат на маса и едниот му коментира гласно на другиот (во оригинал): „Пази кретена, ал свака част: одело му је ко саливено!"

виа Мирослав Грчев

## Фото

**Тао Лиу**

Двојник



## Погледнете

1. Како општеството гледа на моќните жени преку приказот на Медуза
2. Адеми: Јас не сум Супермен што може да разгледа пет илјади

